РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-892/1
26 -02- 2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15-та седница одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-2917/1 од 11.11.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-2917/1 од 11.11.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од одлуката да се достави до подносителот.

О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК од страна на познат подносител на ден 11.11.2024 година е поднесена пријава во која се изразува лично незадоволство од неможноста да го остварува правото на пензија, заради донесеното Решение бр.08-----/12 од 17.01.2023 година од страна на Агенцијата за ----, со кое му била блокирана трансакцискатa сметка и со што му било нарушено уставно загарантираното право на пензија. Согласно наводите во пријавата, подносителот наведува дека блокирањето на неговата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

сметка било направено од страна на извршителот ----, каде за конкретниот случај се водел предмет заведен под Н.бр. ----/09.

Според член 86 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020 и 154/2023), странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува.

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган. Имено, согласно со член 86 став 1 од Законот за извршување, Основен граѓански суд Скопје е надлежен да постапува по приговори на граѓаните и правните лица за незаконито постапување на извршителите при извршувањето, заради што подносителот се упатува да покрене постапка пред Основниот граѓански суд.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата